РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2496/
23-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-тата седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-2182/1 од 15.08.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за злоупотреба на средства поврзана со неисполнување на договорни обврски од страна на изведувач при изградба на локален пат во Општина ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Предметот со број 12-2182/1 од 15.08.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 15.08.2025 година, поднесена е пријава со наводи за злоупотреба на средства поврзана со неисполнување на договорни обврски од страна на изведувач при изградба на локален пат во Општина /// и оформен е предмет број 12-2182/1 од 15.08.2025 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на изведба на проект - градба на локален пат за населените места /// во Општина ///, според договор од ///2021 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија (инвеститор), /// (финансиер), /// (изведувач) и Општина /// (корисник на проектот), со проценета вредност од 27,539.986 денари.

Според наведеното во пријавата, бил изграден само дел од вкупната должина на патот којашто била предвидена во проектната документација и спецификација. Во отсуство на информации за пренамена на преостанатите средства и информации за поврзаните околности, подносителот на пријавата се сомнева дека во случајот е направена злоупотреба на средства во поголем износ.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Општина ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдено е дека Владата на Република Северна Македонија (инвеститор), /// (финансиер), /// (изведувач) и Општина /// (корисник на проектот), како договорни страни, на ///2021 година, врз основа на членот 4 став 1 од Одлуката за склучување анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата (*„Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр.295/20*) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за склучување анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата (*„Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр.138/21*) склучиле Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот /// (бр./// од /// година). Општина /// до ДКСК достави копија од Договорот бр./// од ///2021 година за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот; копија од Фактура бр.///; копија од Извештај од надзорен орган; копија од Завршен извештај од надзорен инженер; копија од Извештај за технички преглед на објект; копија од Завршна ситуација; копија од Градежен дневник и копија од Градежна книга.
Имајќи ја предвид содржината на прибавената документација ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во врска со предметниот случај, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D.-член/anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата